Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 202/1053
06.07 20 18 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата дваесетта седница на Управниот одбор на ден 06.07.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

## за усвојување на промени во Општите услови за осиурување на живот на родителот

**Член 1**

Управниот одбор на Акционерското друштво ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје донесе одлука за усвојување на промените во Општите услови за осиурување на живот на родителот.

Член 2

Се брише точка 7 од членот 1 од општите услови за осиурување на живот на родителот "Во случаите кога понудувачот (договарачот на осигурувањето) не е и осигуреник, потребна е писмена согласност од осигуреникот дадена во понудата или во одвоено писмо во моментот на потпишување на понудата, со назначена осигурена сума".
Членот 1 од условите со оваа промена ќе брои седум точки наместо постојните осум.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила на денот на усвојувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања, а со цел подобрување на работењето на Друштвото донесе одлука за усвојување на промените во Општите услови за осиурување на живот на родителот.
За извршената промена ќе биде доставено известување до Агенцијата за супервизија на осигурување.
Пречистениот текст од условите се составен дел на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ– Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен одбор**
**Бернд Ацхатз**

**Член на Управен одбор**
**Мартин Теов**